ЕВРОПСКА УНИЈА

Делегација на Европската Унија

Скопје, 9 март 2011

## Официјално претставување на проектот финансиран од ЕУ :

## "Техничка помош за Собранието"

## понеделник, 18 април 2011

## ЕУ Инфо Центар, Делегација на Европската Унија

Говор

амбасадор
г-дин Питер СОРЕНСЕН
Шеф на Делегацијата на Европската Унија

Почитуван претседател на Собранието, господине Вељановски;

Почитуван Вицепремиер Наумовски;

Екселенции, дами и господа;

Ми претставува задоволство и чест да ви посакам добредојде овде во ЕУ Инфо Центарот. Особено прекрасен повод е денешната официјална презентација на проектот финансиран од ЕУ: "Техничка помош за Собранието".

Со денешниов собир овде се потенцира основното начело според кое функционира Европската Унија и нејзината поддршка – Ние ја обезбедуваме нашата поддршка и ќе продолжиме со тоа независно од календарот за одржување на изборите.

Фактот дека Вие господине претседател на Собранието на 149-та седница на Собранието учествувавте во усвојувањето на одлуката за распуштање на Собранието, не го менува текот на проектите за техничка помош, како и овој проект кој го презентираме денеска овде.

Проектот "Техничка помош за Собранието" ќе се фокусира на зајакнувањето на работата на Собранието. Тоа е првенствено проект за помош на Собранието и за вработените во Собранието.

Меѓу другото, целта на проектот е: (i) да се подобри функционирањето на техничката поддршка за собраниските комисии; (ii) да се подобри капацитетот на вработените во Собранието за составување на аналитички извештаи за пратениците во врска со прашања поврзани со ЕУ; (iii) да се подобри нивото и текот на информации во врска со агендата за пристапување во ЕУ.

Клучната улога на едно ефикасно, транспарентно и инклузивно Собрание не може а да не се истакне. Тоа е место за дијалог помеѓу сите политички партии. Собранието има клучна улога во процесот на интегрирање на земјата кој има кандидатски статус. Севкупното функционирање на Собранието претставува предуслов за постигнување и одржување на консензус за потребните реформи и временската рамка за нивна имплементација.

Сите области на кои се фокусира проектот "Техничка помош за Собранието" сами по себе се од исклучителна важност за ефикасно и ефективно функционирање на еден модерно и транспарентно Собрание.

Законодавната работа на Собранието се зголемува од година во година. Јасно е дека собраниските комисии треба да подготват, проверат и да дебатираат за многубројни закони кои се потребни за усвојување на европското законодавство – приближно 20,000 акти кои претставуваат корпус на нашите заеднички права и обврски, кои се обврзувачки за сите земји-членки во Европската Унија.

Со евентуалното отпочнување на преговорите во иднина, тие задачи ќе се зголемат за вработените во Собранието.

Оттаму, од особена важност е за Собранието и за пратениците да имаат на располагање адекватен кадар од добро обучени и искусни професионалци кои ќе можат да го пронајдат патот низ системите на ЕУ и особено нашите закони – професионалци кои во секое време знаат каде и како да ги најдат потребните информации за да се поддржи работата на Собранието.

Имајќи го сето тоа предвид, проектот "Техничка помош за Собранието“ има за цел да обезбеди ресурси преку програми за обука, совети за политики, студиски посети, итн.

Намерата е по завршувањето на оваа програма во времетраење од 18 месеци, Собранието да располага со нови ресурси, кои ќе бидат корисни околу подобрувањето на ефикасноста и ефективноста.

Ви посакувам голем успех со проектот.

Благодарам за вниманието.

Сега ќе му дадам збор на претседателот на Собранието, господинот Вељановски.